**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО НАУЧНА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2802-92/25 од 7.10.2014 година донесена на 24-та седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 7.10. 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на доцент за наставно научната област Дизајнирање на текстил и облека на текстилот на Технолошко техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Утрински весник“ и „Нова Македонија“ од 18.9. 2014 година и во предвидениот рок се пријавија:

– М-р Јордан Ефремов, магистер по ликовни уметности од областа сликарство.
– М-р Ванѓа Димитријева–Кузманоска, магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Јордан Ефремов** е роден на 16.3. 1966 година во Штип, Р. Македонија, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1990 година, во областа сликарство, со насока модно креирање и се здобива со право на стручен назив: ***дипломиран сликар со модно креирање.*** Во периодот од 1993 до 1994 година, со дополнително редовно посетување на два семестри, се стекнува со уверение за положени испити од педагошката насока на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Магистрира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во областа сликарство на тема со наслов ***„Ликовна биопрогресија“,*** на 28 мај 2010 година со просечна оценка **8,83** и се стекнува со академски статус ***магистер по ликовни уметности од областа сликарство.***

Од 1.9.1989 до 1/9/1993 година работи како наставник по предметот Ликовна култура со дизајн и историја на уметност во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.9.1993 до 1.9.2000 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Кирил и Методиј“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1/9/2000 до 1/9/2009 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со дизајн историја на уметност во средните општински училишта:

СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип, Р. Македонија.

СОУ „Јане Сандански“ во Штип, Р. Македонија.

СОУ „Никола Нехтенин“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.9.2009 до 01/12/2011 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Ванчо Прќе“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.12.2011 работи како референт во Центарот за односи со јавноста, во одделот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент по стручно уметнички предмети:***

– има соодветно високо образование од втор степен.

*Кандидатот има завршено втор циклус на студии од научно-уметничка област сликарство.*

- успех од најмалку 8 просечна вредност на студиите на прв и втор циклус.
  *Кандидатот има остварено просечен успех од **8,2** на прв и втор циклус на студии.*
- има најмалку четири признати меѓународни уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјава, во последните пет години;

*Кандидатот има четири меѓународни признати уметнички и стручни преставувања според приложените сертификати кои се во прилог*

- успешно дејствување во соодветната област на уметноста и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата;

*Кандидатот успешно дејствува во соодветната област, што се докажува преку приложените сертификати кои ги има стекнато од неговите активности и има позитивна оценка од самоевалуацијата*

- покажува способност за наставно – образовна работа.

*Кандидатот покажува способност за наставно–образовна дејност според приложената табела кандидатот има остварено поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандитатот.*

***Наставно-образовна***
***Работно искуство***

- Во 1989 година се вработува  како наставник СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип
- Од 1.9.1993  до 1.9.2000 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Кирил и Методиј“ во Штип, Р. Македонија.
- Од 1.9.2000 до 1.9.2009 година работи како наставник по предметот

Ликовно образование со дизајн историја на уметност во средните општински училишта:

- СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип, Р. Македонија.
- СОУ „Јане Сандански“ во Штип, Р. Македонија.
- СОУ „Никола Нехтенин“ во Штип, Р. Македонија.

Од 1.9.2009 до 1.12.2011 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Ванчо Прќе“ во Штип, Р. Македонија.

***Познавање на странски јазици***: Поседува сертификат за познавање на англиски јазик.

***Наставна дејност***

Кандидатот М-р Јордан Ефремов осумнаесет години бил наставник по стручни предмети во повеќе училишта по предметите *Ликовна култура, Ликовно образование со дизајн и Историја на уметност*.

***Научно – истражувачка дејност и стручно уметнички активности***
***Магистерски труд:***

Јордан Ефремов (2010) ***„Ликовна биопрогресија”***, *Факултет за ликовни уметности – Скопје*. (4 поени)

***Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) во земјата:***

1. *2014 – Куманово – Центар за култура „Трајко Прокопиев“, поддржана како проект од Министерството за култура на Р. Македонија. (6 поени)*
2. *2013 – Кавадарци –Дом на култура „Иван Мазов – Климе“, поддржана како проект од Министерството за култура на Р. Македонија.  (6 поени)*
3. *2013 – Велес – Ликовен салон – Народен музеј Велес, поддржана како проект од Министерството за култура на Р. Македонија. (6 поени)*
4. *2012 Скопје – Порта Македонија, „Ден на културата на Штип во Скопје“ – како претставник од областа на сликарството на градот Штип во Скопје. (6 поени)*

5. *2011 Штип – Уметничка галерија Безистен, Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Штип, подржана како проект од Министерството за култура на Р. Македонија. (6 поени)*
6. *2010 – Скопје – "Public Room", одбрана на магистерски труд „Ликовна биопрогресија". (6 поени)*
7. *2002– Кавадарци -Дом на култура „Иван Мазов – Климе". (6 поени)*
8. *1997 – Куманово –Дом на култура, Изложба на цртежи. (6 поени)*

***Самостојно ликовно претставување (меѓународна ликовна изложба) во странство:***

1. *2010 – Бањ, остров Пашман (Хрватска) Дело – „Морски пејзаж", масло на платно 40 x 30 cm. (10 поени)*
2. *2010 – Задар, Хрватска Дело – „Надреална градска стража", масло на платно 60 x 50 ( 10 поени)*
3. *2010 – OSCE - Certificate of Appreciation for outstanding contribution to the "Action Against Gun Violence" Drawing competitionДело - Against Gun Violence (10 поени)*

2011 Галерија "Saatchi Online" - Лондон: http://www.saatchionline.com/efremov *(10 поени)*

***Учество во ликовна колонија/ симпозиум со ликовно дело:***

1. *2010 – Пашман, Хрватска:Дело - „Катедрала во Бањ", масло на платно 40 x 30 cm. (6 поени)*
2. *2010 – Задар, Хрватска:Дело - „Пејзаж од Задар", масло на платно 40 x 30 cm. (6 поени)*
3. *2004 – Штип, Ликовна колонија во организација на Работнички универзитет „Ванчо Прке" :Дело – „Црква св. Илија", Штип - масло на платно 80 x 60 cm. (3 поени).*

***Групни изложби во земјата и во странство:***

1. *2010– Пашман (Хрватска), Меѓународна групна изложба со дело*
2. *2010 – Задар (Хрватска), Меѓународна ликовна изложба „Дани Задарске жупаније"*
3. *2001 – Благоевград (Бугарија), Изложба на штипски автори во Р. Бугарија*
4. *1999– Штип, изложба со ликовните педагози.*
5. *1997 – Куманово, ликовен салон во соработка соДЛУМ*
6. *1996 – Куманово, ликовен салон во соработка соДЛУМ*
7. *1994 – Скопје, изложба со ликовните педагози во Р. Македонија*
8. *1989 – Скопје, „Сули Ан", изложба на апсолвентите на ФЛУ*

***Член на уредувачки одбор на списание***

*Член на редакциски одбор за монографија за Универзитет „ГоцеДелчев" – Штип. (1 поени)*

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

***Стручни награди и признанија:***

1. *Благодарница од Здружение за Хуманитарни Активности „Синергија и Фамилија Давчеви", за донација на уметничко дело, 2007 година. (4 поени)*
2. *OSCE Благодарница за особен придонес во Ликовниот натпревар на тема „Акција против оруженото насилство", 2010 година. (8 поени)*
3. *OSCE Certificate of Appreciation for outstanding contribution to the "Action Against Gun Violence" Drawing competition, октомври 2010 година.*
4. *Certificate for sucesfful completion of training for secondary School Teachers in "Integration of ICT into the Curriculum". (4 поени)*
5. *USAID - Сертификат за учење во училница, учење преку заедница, учење преку проекти и учење преку работа, 2006 година. (4 поени)*
6. *Сертификат за Примена на ЕДУБУНТУ образовен софтвер во настава, 2009 година . (4 поени)*

***Член на институтски орган, комисија***

Член (претседател) на комисија за откуп на уметнички дела на УГД во 2013 година. (2 поени)

Класен раководител, во согласност со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) (2 х 4 поени)

*Осум години класен раководител*

***Доставени документи***

Пријава, оригинал диплома за завршени магистерски студии, решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во Р. Македонија, уверенија за положени испити од прв и втор циклус на студии, кратка биографија во 4 примероци, каталози од самостојни и групни ликовни изложби, листа на трудови, каталози и потврди за меѓународно претставување со уметничко дела, потврда за англиски, препораки од двајца професори, препорака од претходниот работодавач, еден примерок од магистерскиот труд, уверение за државјанство.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. бр.** | **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| | | | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| | Член на уредувачки одбор на монографија за УГД | 1 | |
| 15. | Самостојно ликовно претставување (ликовна иложба) | 48 | 40 |
| 25 | Учество на ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | 3 | 12 |
| | **ВКУПНО** | **108** | |

| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 19. | Стручни награди и признанија | 16 | 8 |
| 29. | Член на институтски орган, комисија | 2 | |
| | **ВКУПНО** | **26** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **134** | |

Согласно Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатот ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- Наставно-образовна (НО)
- Научно-истажувачка (НИ) и Стручно-уметничка (СУ) = 108
- Стручно-апликативни и организационо-развојно (САОР) = 26
- Вкупно (НО + НИ + СУ + САОР) = 134 поени

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 127 (доцент по стручно-уметнички предмети) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог:

Врз основа на приложените стручни и уметнички трудови, работната биографија, искуството во наставната и научно-истражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со наставно - научната област „Дизајнирање на текстил и облека“, кандидатот м-р Јордан Ефремов ги исполнува сите законски услови **за избор во звање доцент по стручно – уметнички предмети**.

Кандидатот **м-р Јордан Ефремов** покажува голема способност во наставно -образовната, научно - истражувачката, стручно -апликативната и организациско -развојната дејност што се констатира од објавените стручни и уметнички трудови, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелите кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во Наставник во сите звања за наставно-научна област по стручно-уметнички предмети на Универзитетот.

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатот м-р Јордан Ефремов да биде избран во доцент по стручно-уметнички предмети од наставно-научната област „Дизајнирање на текстил и облека“.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Пенка Димитрова, редовен професор на Машиностроителен факултет, Технички Универзитет , Софија, претседател**
**М-р Антони Мазневски, редовен професор на Факултет за ликовни уметности, Универзитет св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, член**
**Д-р Катерина Деспот, вонреден професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет “Гоце Делчев“, Штип, член**